# МЕРКИ ЗА НАРУШУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВНА МАТУРА

## ОПОМЕНА ВО ТЕКОТ НА ИСПИТОТ

Ако кандидатот зборува во текот на испитот, се врти или се обидува да воспостави контакт со други кандидати.

## ПРЕКИНУВАЊЕ НА ИСПИТОТ (ОТСТРАНУВАЊЕ ОД ИСПИТОТ)

Ако кандидатот несоодветно се однесува во текот на испитот (кандидатот се обидува да го прекине испитот; кандидатот му пречи или му помага на друг кандидат).

## ПОНИШТУВАЊЕ НА ИСПИТОТ



Ако кандидатот во текот на испитот:

- поседува недозволени средства што не се пропишани со испитната програма (хартија, мобилен телефон или други електронски уреди);
- разменува информации поврзани со испитот со друг кандидат или тестатор;
- препишува од друг кандидат;
- дозволува сопствениот труд да го искористи друг кандидат;
- не го предава целиот испитен материјал (тестот и/или листата со одговори);
- кандидатот го напишал своето име и презиме (или го открил својот идентитет) на испитниот материјал;
- има идентични одговори на есејските прашања со најмалку уште еден кандидат;
- е откриен плагијат во одговорите на есејските прашања од наведени извори.

## ПОНИШТУВАЊЕ НА ИСПИТОТ СО ЗАБРАНА ЗА ПОЛАГАЊЕ ВО ИСТИОТ И ВО НАРЕДНИОТ ИСПИТЕН РОК

Ако кандидатот:

- полага наместо друг кандидат (замена на идентитет);
- несоодветно се однесува во текот на испитот (кандидатот упатува навреди кон друг кандидат или тестатор или набљудувач на испитот).